

# LAKE QUEEN WINTER CHESS FESTIVAL 2025"

Шаховскиот Клуб „Младинска Шаховска Школа" Струга организира
Младински рапид турнир во шах
*"LAKE QUEEN WINTER YOUTH CHESS FESTIVAL 2025"*

**1**. Зимскиот Младински Шаховски Фестивал "Езерска Кралица 2025" ќе се одржи во хотелот Дрим во Струга, на **28.12.2025** (недела) во организација на ШК Младинска Шаховска Школа Струга.

**2**. Право на играње имаат сите млади шахисти родени 2009 и помлади групирани во 4 возрасни категории:

- **А1** - Играчи со возраст до 16 години ( родени 2009 и помлади)
- **А2** - Играчи со возраст до 12 години ( родени 2013 и помлади)
- **А3** - Играчи со возраст до 10 години ( родени 2015 и помлади)
- **А4** - Играчи со возраст до 8 години ( родени 2017 и помлади)

Момчињата и девојчињата ќе играат заедно.

**3**. Важат Правилата на ФИДЕ за забрзан шах, **турнирите А1 и А2 ќе се рејтингуваат.** Резултатите од турнирот ќе бидат објавени на сајтот http://chess-results.com.

**4**.Се игра по Швајцарски систем од 6 кола со темпо на игра 10 + 5

**5**.Распоред на активности

| Датум | Активности | Час |
|---|---|---|
| 28.12.2025 | Регистрација на учесници | 9:30 |
| 28.12.2025 | Отварање на турнирот | 10:00 |
| 28.12.2025 | 1 коло – 3 коло | 10:00 – 11:30 |
| 28.12.2025 | Пауза за ручек | 11:30 – 12:00 |
| 28.12.2025 | 4 коло – 6 коло | 12:00 – 13:00 |
| 28.12.2025 | Затворање на турнирот | 13:30 |

**Организаторот го задржува правото да го измени системот на натпреварување, распоредот на кола, како и темпото на игра во зависност од бројот на пријавени учесници. За секоја евентуална промена, натпреварувачите ќе бидат благовремено известени.**

**6**. Пријавите за учество на Зимскиот Младински Шаховски Фестивал "Езерска Кралица 2025" име, презиме, дата на раѓање, ФИДЕ код и турнир за кој се пријавуваат, треба да се испратат на email адреса: kgjoko@yahoo.com најдоцна до **26.12.2025 (петок).**

Ќе се пароваат само пријавените учесници кои најдоцна до **09:30** часот на **28.12 2025(недела)** год го потврдиле учеството на турнирот со своето присуство во салата за игра и платиле котизација.

Еднаш пријавени играчи во одредена категорија немаат право да ја сменат категоријата на самиот ден на турнирот, освен доколку се работи за техничка грешка од страна на организаторот.

**7.**Уписнината на турнирот изнесува **700 денари**.

**8**.Организаторот обезбедува:
- Пехари за победниците на сите 4 турнири
- Медали за освоено 1,2,3 место во машка и во женска конкуренција.
- Дипломи за учество за сите учесници на турнирот
- Освежителни пијалоци, сендвичи и новогодишни пакетчиња.

**9**. Во случај на ист број на освоени поени одлучува:

- *Директна средба*
- ***Бухолц - 1 (без најлошиот противник)***
- ***Бухолц***
- ***Поголем број на победи***

**10**.Судии на турнирот се **НА Ѓоко Котески** и **НА Борис Лушески.**

ШК Младинска Шаховска Школа
СТРУГА

Струга , Декември 2025